Врз основа на член 205, 206, 208, и 210, став 1 од ЗРО (пречистен текст Сл весник на РМ бр.52/12), Член 3 од ОКД ( пречистен текст Сл весник 150/12) и член 8 од Законот за минимална плата (Сл. весник на РМ бр. 11/12), а во врска со член 121 од КД за текстилна индустрија на РМ, бр.0101-26/1 од 07.11.2007, Спогодбата 0101-27/1 од 04.11.2009 и Спогодбата 0101-28/1 од 16.11.2012 година, Синдикатот на работниците од текстилната,кожарската и чевларската индустрија на РМ. и Здружението за текстилна индустрија при Организацијата на работодавачи на Македонија на ден 03.04.2013, склучија:

# Спогодба за измена и дополнување на Колективниот договор за текстилната индустрија на РМ

## Член 1

Во член 32 став 3 се менува и гласи „ Пресметковната вредност на единица коефициент за најнизок степен на сложеност за 2013 година се утврдува во висина од 6.859,00 денари„.

## Член 2

Во член 49, во ставот 1 алинеа 8, се брише точката, се става запирка и се додава текстот „ доколку работникот работел најмалку 6 месеци во текот на годината „.

Во член 49, во ставот 1 алинеа 9 се брише точката, се става запирка и се додава текстот „ доколку работникот бил редовен на работа 10 месеци во годината, имал просечнио остварување на нормата од најмалку 90% и остварил квалитет согласно номативите за квалитет во претпријатието„.

Во член 49 после став 1 се додава нов став кој гласи:

„ Регресот за годишен одмор и новогодишниот надомест се исплатуваат доколку нивниот вкупен износ за исплата не надминува 1/3 од нето добивката на претпријатието„.

**Член 3**

Спогодбата за измена и дополнување на Колективниот договор за текстилна индустрија на РМ стапува на сила со денот на потпишувањето на истата.

Спогодбата за измена и дополнување на Колективниот договор за текстилна индустрија на РМ се објавува во „Службен весник на РМ„.

Април 2013

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТЕСКТИЛНА ИНДУСТРИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Поповски**

**СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ**
**ОД ТЕКСТИЛНАТА,КОЖАРСКАТА**
**И ЧЕВЛАРСКАТА ИНДУСТРИЈА НА РМ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Анѓелко Анѓелковски**

**Претседател - ОРМ**
**Ангел Димитров**